Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ во Скопје

# Прирачник

за изработка на научни трудови и студиски задачи за студентите запишани во сите циклуси на студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје

Скопје
2023

# НАУЧЕН ТРУД

Во текот на студиите, студентите треба да стекнат основни знаења и способности за научно работење и пишување на соодветен научен труд. Постојат следните видови научни трудови: семинарска работа, дипломска работа, магистерски труд и докторска дисертација. Тие се разликуваат според обемот и сложеноста на научната работата и изложувањето, но ги споделуваат заедничките карактеристики на научниот труд. Семинарската работа се изработува во рамките на наставниот процес по конкретен предмет. Дипломската работа, магистерскиот труд и докторската дисертација се пишуваат и се бранат на крајот од соодветниот циклус студии по положувањето на сите испити предвидени од студиската програма. Семинарската работа ја прегледува и оценува предметниот наставник или асистент. Работата врз дипломската работа, магистерскиот труд, или докторската дисертација ја раководи наставник, кој има улога на ментор, а се прегледува, се брани и се оценува комисиски.

При подготовката на научниот труд студентот треба да покаже способност за креативна обработка на определена тема и формирање на ставови за одреден конкретен проблем врз основа на самостојно истражување, аналитичко и критичко користење на различен вид извори и материјали. Во научниот труд не смеат да бидат злоупотребени нечии авторски трудови и истражувања преку нивно користење без цитирање, односно неетичко и незаконско претставување како свои. При изработката на научниот труд треба да се имаат предвид следниве елементи од истражувачката работа и создавањето на самото дело:

- избор и формулирање на темата;
- поставување на основните тези за проблемот кој се обработува;
- прибирање и обработка на извори (материјал на кој се засноваат сопствените гледишта тези);
- структура на текстот;
- документирање на текстот (цитати, фусноти, библиографија);
- графичко обликување.

### *Избор и формулирање на темата*

Студентот може сам да одбере тема за научниот труд или таа да му биде определена од страна на предметниот наставник. Во првиот случај треба да имаат предвид неколку правила и насоки:

- темата треба да соодветствува на наставниот предмет по кој се изработува, на специјалноста на менторот (доколку е дипломската работа, магистерски труд или докторска дисертација), како и на интересите на студентот;
- изворите за нејзината обработка да се достапни за студентот;

- изработката на научниот труд да биде изводлива во определениот временски рок;
- темата не треба да биде премногу општа и прешироκа, туку да биде конкретизирана;
- при кончениот избор и формулирање на темата студентот треба да се консултира и да добие согласност од наставникот (менторот).

### *Формулирање на основните тези*

По изборот на темата, треба да се забележат главните идеи преточени во конкретни тези кои подоцна ќе послужат при составувањето на планот за научниот труд. Со цел адекватно поставување на тезите е потребно првично консултирање на соодветната изворна и интерпретативна литература. Затоа, формулирањето на тезите и прибирањето на литературата се заемно поврзани. Тезите може да се уточнуваат со текот на истражувањето и обработката на изворите, како што и обемот на обработената литература може да варира во зависност од тезите што ќе се постават.

### *Прибирање и обработка на литературата*

Материјалите што се користат за изработка на научен труд можат да бидат од три вида:

*Изворна* или *примарна литература.* Таа опфаќа текстови кои се предмет на тесниот интерес на истражувачката работа. Научниот труд треба во центарот на вниманието да постави еден или повеќе изворни текстови. Тука спаѓаат:

- Светото писмо на Стариот и Новиот завет;
- Ракописи и изданија на класични текстови, кои се предмет на интерес на современото истражување (примери: Аристотел, *Никомахова етика*; Свети Григориј Палама, *Тријадите во одбрана на светите исихасти*);
- Изданија кои имаат оригинален придонес за темата што се обработува или имаат особено историско значење за соодветната истражувачка област (*Поуките на Старец Силуан Атонски*; Свети Кирил Лешочки, *Огледало*);
- Историски документи, натписи, нотни записи и други текстуални извори со докажана автентичност;
- Оригинални монографии, студии, есеи, преписки и други записи кои имаат особено влијание врз развојот и изучувањето на предметната област (Александар Шмеман, *За животот на светот*; *Преписката меѓу о. Георгиј Флоровски и старец Софрониј Сахаров*);
- Транскрипти од интервјуа, беседи, предавања, обраќања, мемоари и други документирани звучни извори[1].

[1] Доколку се користат звучни извори, потребно е да се приложи транскрипт на звучниот материјал, или на дел од него. Обемот на транскрибираниот материјал треба да биде доволно голем за да го прикаже контекстот во кој е искажан употребениот цитат или парафраза. Текстот на прилогот не влегува во

*Интерпретативна* или *секундарна литература*. Интерпретативни текстови кои содржат информации за примарните извори или реферираат кон нив. Тие служат за да се утврдат различните интерпретации на исказите од изворната литература. Авторот на научниот труд треба критички да ги опсуди овие интерпретации, да ги анализира и аргументативно да ги оспори, да ги прифати или да ги преработи. Авторот може да предложи сопствена интерпретација, која ќе биде информирана, т.е. ќе ги земе предвид тековниот статус на истражувањето на темата во интерпретативната литература.

- Монографии, студии и есеи кои истражуваат теми и прашања поврзани со примарните извори;
- Енциклопедиски статии за поими, личности, места, настани и други одредници кои се однесуваат на темата и прашањата на научниот труд;
- Транскрипти од предавања, дискусии, дебати други документиран звучен материјал.

*Помошна литература*: речници, лексикони, индекси за цитирање итн.

Откако ќе се собере потребниот материјал, преку негово прегледување треба да се направи селекција на извори кои се релевантни за темата на научниот труд. Селектираните извори треба внимателно да се прочитаат и од секој извор да се извлечат белешки: цитати или парафрази на користениот извор, коментари и насоки за дискусија.

### *Структура на текстот*

Научниот труд треба да ги содржи следниве елементи: *наслов*, *вовед*, *главен текст* или *разработка на проблемот*, *заклучок*, *библиографија*, *содржина*.

- *Насловот* треба да биде јасен и соодветно да ја изразува содржината на трудот. Долгите наслови не се препорачуваат. Долгиот наслов може да се скрати со поднаслов.
- *Воведот* треба во куси црти да ја претстави темата на научниот труд. При тоа, треба да го привлече вниманието на читателот и да го насочи кон главното прашање на трудот. Во воведот авторот може:
    - да се осврне кон *дотогашните истражувања* на темата што ја обработува;
    - да го објасни *значењето на проблемот* кој го привлекол неговото внимание;
    - да ги предочи *методите* кои се користени во истражувањето;
    - накратко да ја објасни *структурата* на трудот.
- *Корпусот* е главниот и најдолг дел од текстот. Во него се разработуваат прашањата кои се предмет на интерес на научниот труд, при што систематски и аргументирано се изложуваат резултатите од истражувањето со цел да се

текстуалниот обем на научниот труд, т.е. не се зема предвид при броењето на зборовите за научниот труд. Доколку кандидатот сам го изработува транскриптот, при изработка на семинарска работа добива по еден поен за страница (350 зборови), но не повеќе од вкупно 5 поени.

докажат основните тези на авторот. Корпусот може да биде структуриран со или без посебни поглавја и поднаслови. Во двата случаја, деловите треба меѓусебно да се поврзани и да формираат една конзистентна и непротивречна целина.

- Во *заклучокот* авторот ги резимира главните идеи кои ги изложил во текстот и предлага аргументирано видување на проблемот за кој расправал.

### *Референцирање на текстот*

Научниот труд треба да поседува документарна подлога сочинета од цитати, белешки и библиографија. *Библиографија* треба да стои на крајот од трудот и во неа да се наведат сите извори што студентот ги користел при пишувањето на трудот.

*Цитирањето* подразбира буквално пренесување на текст од користената литература и се одвојува со наводници. Цитатот се референцира во фуснота, при што се користат општите насоки за референцирање во прилогот на овој прирачник. Квалитетното цитирање е показател дека студентот е способен да користи релевантна литература за својата тема. Научниот труд не треба да биде компилација од туѓи цитати, туку треба да вклучи авторската интерпретација на материјалите од користените извори. Не треба да се цитира пречесто. Цитатите не смеат да зафаќаат повеќе од една третина од текстот на трудот. Долгите цитати може да се скратат со испуштање на делови од текстот без да се промени смислата на целиот цитат. Местата на испуштените делови (фрази, зборови) од цитатот се означуваат со три точки во аглести загради: [...]. Доколку текстот што се цитира мора да биде подолг од четири реда може да се направи блок-цитат, односно цитатот да се издвои во посебен пасус, напишан со потесен проред или со помал фонт, без наводници и со поголема маргина и од левата страна.

За разлика од цитатите, *парафразите* не подразбираат дословно пренесување на текстуални целини од користената литература. Тие не се одделуваат со наводници, но се референцираат во фуснота исто како и цитатите. Доколку само дел од реченицата вклучува парафраза, или има поширок контекст од парафразираниот текст, тогаш пред референцата се додава кратенката: сп. (спореди).

### *Библиографски референци*

Библиографските референци во вид на фусноти се користат за наведување на библиографските податоци на изворите од кои се преземени цитатите, идеите и податоците. Фуснотите имаат четири елементи:

- *Име на авторот*. За разлика од библиографијата во фуснотата прво се наведува името, па презимето на авторот;
- *Наслов на делото*. Кога станува збор за монографија, насловот се става во курзив (*italic*). Насловот на статија се става во наводници, а насловот на публикацијата

(зборник, списание, енциклопедија) во која статијата е објавена се става во курзив.

- *Информации за изданието.* Се наведува бројот на изданието, ако ги има повеќе; бројот на томот, ако има повеќе томови; место на издавање, издавачот и годината на издавањето.
- Референца за *страниците* или соодветната *нумерација* на делото. Се посочува бројот на страницата, односно страниците на делото од каде што е преземен цитатот. Некои извори не се референцираат според бројот на страниците, туку според друг вид нумерација (според глави, колони, стихови и др.).

*Примери и напомени* за референцирање:

- Пример за цитирање на книга како прва референца: Ѓоко Ѓорѓевски, *Девтероканонски книги*, Менора, Скопје 2017, 53.
- Пример за цитирање на статија како прва референца: Јован Таковски, „Свештенството Христово во Црквата“, *Годишен зборник, Богословски факултет „Свети Климент Охридски“*, Скопје, 7 (2001), 15.
- При повторно референцирање на исто дело, податоците во фуснотата се наведуваат скратено – името и презимето на авторот, насловот на цитираната книга или статија и бројот на страницата. Пример: Ѓоко Ѓорѓевски, *Девтероканонски книги*, 53; Јован Таковски, „Свештенството Христово во Црквата“, 15.
- Доколку насловот е подолг, може при повторно референцирање да се употреби скратена форма. Пример за прво референцирање: Кирче Трајанов, „Создавањето *ex nihilo* низ призма на софиологијата на отец Сергеј Булгаков“, *Меѓународна конференција „Света Софија – Премудроста која си изгради дом“*, уред. Ѓоко Ѓорѓевски и други, Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, Скопје 2020. Пример за понатамошно референцирање: Кирче Трајанов, „Создавањето *ex nihilo*...“, 211.
- Во текстот бројот на фуснотата се става секогаш по заградата, по завршните наводници и пред знакот за интерпункција (точка, запирка итн.). Фуснотите се пишуваат со помал фонт и со потесен проред.
- Референците од Светото писмо не се ставаат во фуснота, туку во заграда по библискиот цитат или парафраза. Форматот на цитирање на Светото писмо содржи: име или скратено име на библиска книга (се користат соодветните кратенки од користеното издание на Светото писмо), соодветна нумерација според глава и стих одделени со запирка. Примери: Јован 3,16; Проп. 1,3.

## *Експликативни и накрсни белешки*

*Експликативни белешки* служат да дообјаснување на некои идеи, ставови, кои се изложени во текстот, а кои според проценката на авторот се значајни и заслужуваат

внимание. Во овие белешки може да се внесат дополнителни информации, споредби, коментари, критички оценки.

*Накрсниѿе белешки* служат за упатување кон други делови на самиот текст.

### *Технички ӣравила за обликување на ѿексѿоѿ*

При изработката на научен труд треба да се следат следните технички правила за обликување на текстот:

- *Формаѿирањеѿо* на страниците на конечната верзија на научниот труд треба да биде со стандардна А4 димензија и со маргини 2,5 cm околу целиот текст. Текстот треба да биде испечатен на бела хартија.
- *Тексѿоѿ* се пишува само на едната страна од листот (десната страна по укоричувањето), со *unicode* фонт во македонска поддршка и 1,5 проред. Големината на буквите на текстот треба да биде 12 точки. Должината на текстот работа треба да изнесува 2.000-4.000 зборови за семинарски труд; 8.000-10.000 зборови за дипломска работа, 15.000-30.000 зборови за магистерска теза, 60.000-80.000 зборови за докторска дисертација.
- Страниците треба да бидат *нумерирани* континуирано, започнувајќи од првата страница. Бројот на страницата треба да стои во долниот дел од страницата. Пред бројката не се става кратенката стр., тире или некој друг знак. Насловната страница се брои, но на неа не се пишува бројка. Секоја глава на трудот почнува на нова страница.
- Форматирањето на *насловиѿе* и *ӣоднасловиѿе* на сите делови на трудот (вовед, глава, заклучок, библиографија, содржина) е различно од форматирањето на главниот текст. Насловите од прв ред треба да бидат напишани со поголем фонт од главниот текст. Поднасловите од втор и трет ред може да се обележат со здебелени букви (*bold*) или во курзив (*italic*). Насловите на поглавnjата треба да стојат на средината од страницата. Поднасловите треба да бидат поставени на до левата маргина страницата без празни места.

- Семинарската работа има *насловна сѿраница* на која треба да стои името на универзитетот, факултетот, насловот на трудот, име на предметот по кој се изработува, името на авторот, место и година. Насловната страница на дипломската работа, магистерскиот труд и докторската дисертација треба да ги содржи името на универзитетот, факултетот, насловот на трудот, името на авторот, името на менторот, место и година. Насловот на научниот труд се пишува со големи букви, не се става во наводници, ниту се става во курзив. Големината на буквите на насловот треба да изнасува 18 до 26 точки, во зависнот од должината на насловот, од фонтот и од тоа дали се користат здебелени букви (*bold*) или истенчени букви (*light*).

- *Курзивни букви* се користат за наслови на книги, наслови на списанија, цитати од Светото писмо, поими на други јазици, поими кои авторот сака посебно да ги истакне. Зборовите кои се ставени во цитат не се пишуваат во курзив, со исклучок на цитатите од Светото писмо.
- Во текстот не може да се вметнуваат *слики*, освен графички материјали имаат строго појаснувачка функција (делови од ракописи, графикони, фотографии и скици од конкретни детали во архитектурата и уметноста кои се предмет на анализа и сл.).

# БИБЛИОГРАФИЈА

Библиографијата е список на сите извори кои се користени за обработка на една тема: монографии, научни трудови, есеи, рецензии, содржини преземени од интернет-страници и други извори. Библиографијата се подредува според следите правила:

- Изворите се наведуваат по азбучен ред според првата буква од презимето на авторот. Латиничните извори се наведуваат исто така според азбучен ред, при што местото се одредува фонетски, т.е. според начинот на кој се чита презимето на авторот.
- Ако постојат повеќе автори чиишто презимиња почнуваат со иста буква, тие подредуваат според втората и наредните букви.
- Делата на чија насловна страна не е наведен авторот, се подредуваат според насловот, на истиот начин како и останатите извори.
- Доколку изворната и интерпретативната литература на еден научен труд е пообемна, тогаш библиографијата може да се подели на два дела: библиографија за изворна литература (на прво место) и библиографија за интерпретативна литература (на второ место).
- Доколку во работата се користи Светото писмо, тоа се наведува на прво место, пред останатата литература.

## *Библиографска одредница за книги*

Општи насоки:

- Библиографската единица за книги има три елементи: 1) презимето и името на авторот; 2) насловот на книгата; 3) информации за изданието.
- Опис на референцата за *книга од еден автор*: презиме на авторот [,] личното име на авторот [,] наслов на делото (ако има, и поднаслов) во курзив [,] издавачка куќа [,] местото на издавање [празно место без интерпункциски знак] година на издавање. Пример: Каприев, Георги, *Византиска философија. Четири центри на синтеза*, Пагома прес, Скопје 2019.
- Личните имиња на авторите не треба да се скратуваат и да се користат иницијали. Иницијалите се ставаат само ако тие стојат на насловната страница на книгата.
- Се изоставаат сите академски титули, научни и почесни звања што му претходат на името на авторот.
- Црковно-хиерархиските звања се наведуваат како дел од името, доколку се наведени во цитираното издание. Пример: Златанов, митрополит Методиј, *Вавилон и Ерусалим*, Три, Скопје 2007.
- Светителските називи (свети, блажени, исповедник и сл.), имињата со ординални суфикси (Мануил II Палеолог) и генерациски имиња (помладиот, постариот) се

наведуваат како дел од името. Доколку отсуствува презиме во современа смисла на зборот, се наведува целото име без да се разделува. Тоа особено важи за автори на изворни антички и средновековни текстови. Ваквите извори се наведуваат по азбучен ред според првата буква од името на авторот. Пример: Свети Григориј Палама, *Тријадите во одбрана на светите исихасти*, Табернакул, Скопје 2001. Во ваков случај, библиографската единица се подредува под буквата Г, без менување на редоследот во името на авторот.

*Книга од двајца или тројца автори*: Презиме на првиот автор [,] името на првиот автор [,] име и презиме на вториот/третиот автор (без да се заменуваат местата на името и презимето и без запирка меѓу името на презимето) [,] наслов на делото (ако има, и поднаслов) во курзив[,] издавачка куќа [,] местото на издавање [празно место без интерпункциски знак] година на издавање. Пример:

Златески, Петко, Славе Николовски, *Библиски речник*, Библиско здружение на Република Македонија, Скопје 1998.

*Книга од повеќе автори*: По презимето и името на првиот автор се додава кратенката *et al.* (и други); потоа се наведуваат останатите податоци за книгата. Пример:

Аќимовска-Поленак, Мирјана и други, *Реторика, историски и современи аспекти*, Арс Ламина, Скопје 2019.

*Две или повеќе книги од ист автор.* Презимето и името се ставаат само во првата библиографска одредница, а за останатите книги на местото на презимето и името се ставаат три долги цртички (——) [,] потоа се наведуваат останатите податоци за книгата. Пример:

Санџакоски, отец Стефан, *Богомислие*, Метаморфум, Скопје 1993;
——, *Sub specie Christi*, Три, Скопје 2008.

*Книга од група автори.* Кога авторите припаѓаат на некое здружение, институција, но нивните имиња не стојат на насловната страница, прво се запишува името на институцијата, а потоа, останатите податоци за книгата. Пример:

Врховен суд на Република Македонија, *Збирка на судски одлуки 2000*, Книга IX, Македонска ризница, Куманово 2001.

*Книга без автор.* Ако на насловната страница не е наведено името на авторот, библиографската единица започнува со насловот на делото. Пример:

*Краткая философская энциклопедия*, Издательская група Прогрес, Москва 1990.

*Антологија* или *зборник.* Презиме на приредувачот [,] личното име на приредувачот [,] кратенка прир. (за приредувач) или уред. (за уредник), потоа останатите податоци за книгата. Пример:

Ѓорѓевиќ, отец Милан, прир., *Philosophia christiana*, Три, Скопје 2021.

*Еден текст од зборник*. Презиме на авторот [,] лично име на авторот [,] наслов на текстот во наводници [,] наслов на зборникот во курзив [,] кратенка прир. (за приредувач) или уред. (за уредник) и име и презиме на приредувачот [,] издавач, место и година на издавање [,] страници од зборникот на кои е испечатен текстот. Пример:

Борисов, Дејан, „Која црква е соборен храм на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија“, *Меѓународна конференција „Света Софија – Премудроста која си изгради дом“*, уред. Ѓоко Ѓорѓевски и други, Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, Скопје 2020, 249-266.

*Библиографска одредница за статија објавена во списание*. Презиме на авторот [,] лично име на авторот [,] наслов на текстот во наводници [,] наслов на списанието во курзив [,] број на списанието и година во загради [,] страници од списанието на кои е испечатен текстот. Пример:

Марија Тодоровска, „Божественоста на стоичкиот логос – неколку воведни забелешки за демиургискиот принцип“, *Филозофска трибина* 28 (2020), 45-71.

*Статија од електоронско списание*. Презиме на авторот [,] лично име на авторот [,] наслов на текстот во наводници [,] наслов на списанието во курзив [,] број на списанието и година во загради [,] линк кон статијата и датум на пристапување во загради.

Ѓоргиева Дијана, Зорица Стоилева, „Легисакциската (граѓанската) судска постапка во античкиот Рим“, *Systasis* 32 (2018), https://www.systasis.org/index.php/mk/ahiva-2017-2021-systasis-30-39/systasis-32-2018 (пристапено 10 октомври 2020).

*Необјавени одбранети универзитетски научни трудови* (дипломски работи, магистерски трудови, докторски дисертации). Презиме на авторот [,] лично име на авторот [,] наслов на текстот во курзив [,] посочување за типот на научниот труд и факултетот и универзитетот на кој трудот е одбранет [,] место и година на одбрана.

Томовска, Весна, *Хорот и хорската лирика во грчката трагедија*, докторска дисертација одбранета на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил  и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, Скопје 2003.

# ЕСЕЈ

Есејот е краток текст во кој студентот изложува, претставува определен проблем, прашање, настан, или појава од доменот на соодветниот предмет. Целта на студентот при пишувањето на есеј не е само да констатира или да пренесе информации, факти и туѓи гледишта, туку и самостојно и критички да ги анализира. Притоа, се очекува самостојно да развие тези и ставови и истите издржано да ги аргументира.

Во есејот *студентот треба да покаже* дека умее:

- критички да размислува;
- да воочи, формулира и анализира истражувачки проблем;
- аргументирано да изгради сопствени тези (тврдења) за него;
- писмено да ги вообличи своите гледишта.

При пишувањето на еден есеј незаобиколни се следниве *чекори*:

- избор на тема;
- одредување на наслов на есејот;
- комплетирање на композицијата на текстот (вовед, изложување, тези, аргументи, засновање и поткрпување на тезите, заклучен дел);
- јазично обликување на текстот (пишување);
- употреба на цитати, документирање на есејот[2],
- редактирање (крајно прегледување, поправање и утврдување на есејот).

*Изборот на темата* е поврзан со одредено прашање или проблем, кој има теоретско или практично значење во областа на науката, културата или општеството. Темата треба да се прецизира. Но, исто така, треба да се прецизираат и погледот и пристапот кон темата. Тоа подразбира премин од општа тема кон дел од тема, премин од воопштено и површно разбирање на дадена тема кон ангажирано и критичко опсудување на истата. Покрај изборот на темата, во подготвителната фаза за пишувањето на есејот, е важно терминолошкото и концептуалното формулирање на појдовните прашања кон кои текстот ќе има задача да се осврне. Содржината на есејот е одговор на прашањата, при што тие треба да бидат се релевантни за предметната област и актуелни за претпоставениот читател. Според поставените прашања се поставува планот со главните тези и поттези.

*Насловот на есејот* треба да соодветствува на темата и/или на основната теза. Насловот во значајна мера го одредува и основниот пристап при градењето на текстот.

[2] Есејот може, но не мора да содржи цитати. Доколку има цитати, текстот на есејот не треба да се преоптоварува со пречесто цитирање. Позначајна е личната анализа и поставувањето на сопствените тези. Подетално за начинот на цитирање и парафразирање – во делот од Прирачникот за изработка на научен труд.

## *Композиција на есејот*

*Вовед.* Почетокот на есејот претставува воведување во темата, во проблемот што ќе биде предмет на опсудување, во гледиштето на авторот во врска со поставениот проблем, односно во позицијата што авторот има задача да ја аргументира. Воведот има задача да му најави на читателот за што ќе стане збор во есејот, како и да го привлече неговото внимание. Во воведот се предочуваат:

- претставување на темата и поставување на прашањето што ќе се опсудува;
- мотивите за изборот на темата;
- причините поради кои анализираното прашање заслужува пошироко внимание.

*Формулирање на тезите.* Откако авторот, во согласност со насловот, ќе ја одреди насоката на дискусијата, следува да постави низа од тврдења (тези) што критички ќе ги опсуди во текот на дискусијата.

- Дискусијата на есејот е изградена од:
  - *тези* кои го изразуваат гледиштето на авторот и/или позицијата што тој има задача да ја аргументира;
  - *аргументи* за потврдување на вистинитоста или важноста на тврдењата и,
  - *примери.*
- Авторот треба да ги подреди одделните поттези и аргументи за да може да ја формулира својата главна теза која се однесува целиот есеј.
- За основна теза да биде заснована, а изложувањето да биде целесообразно и последователно, поттезите треба да бидат меѓусебно поврзани и логички да произлегуваат една од друга. Главната теза треба да се однесува на севкупниот текст на есејот.

*Разработка.* Во разработката (телото на текстот) е потребно сите тези и поттези на последователен и поврзан начин да се опишат, аргументираат и докажат. Вообичаено, на секоја посебна поттеза и се посветува особен пасус.

- Последователноста се постигнува преку различен тип поврзувања:
  - *хронолошка поврзаност*: прво се пишува за она што се случило порано, а потоа за она што се случило подоцна или обратно;
  - *причина – последица*: прво се пишува за појава која претходи и секогаш предизвикува друга појава, а потоа за резултатот што произлегува од тоа, за последицата;
  - *прашање – одговор*: откако ќе се формулира прашање во врска со темата на есејот следи одговор на прашањето;
  - *пример – обопштување* (генерализација): се наведуваат конкретни ситуации (примери) и врз основа на нив се изведува општ заклучок (обопштување), или прво се формулира општиот став, а потоа истиот се поткрепува со примери;

- *градација* – аргументите и заклучоците се подредуваат според степенот на нивното значење, од оние кои имаат помало значење кон позначајните или обратно.

*Заклучок.* Во заклучокот е потребно да се резимира сработеното во есејот. При тоа е потребно конечните заклучоци од работата да се стават во врска со изложеното во воведот и да се покаже дали и до кој степен есејот успеал да одговори на прашањата најавени во него.

## *Насоки за пишување на есејот*

При *пишувањето на есејот*, авторот е должен да покаже дека е способен адекватно да ја изрази и обликува својата мисла, за да се искаже јасно, прецизно и концизно. Речениците треба да бидат недвосмислени и да изразуваат завршена мисла. Пишувањето може да се одвива „во еден здив“, кога станува збор за тема којашто му е позната и блиска на авторот или, пак, да се одвива според претходно подготвен план. Во вториот случај, вниманието е на авторот е сосредоточено врз изборот на содржината и редоследот според кој ќе се изложат тврдењата и аргументите. Планот може да биде општ, т.е. да ги содржи само главните тези, или, пак, да биде детален, т.е. да ги содржи и аргументите и примерите. При пишувањето на есејот треба да се обрне посебно внимание на оформувањето на текстот како завршена целина. Есејот како краток текст нема претензии кон исцрпно и целосно третирање на разгледуваниот проблем. Но, текстот мора да се одликува со завршеност, односно да покажува дека авторот го заокружил своето мислење.

Пишувањето есеј задолжително подразбира *проверка и редактирање* на напишаното. Авторот треба да провери:

- дали *воведот*, *основното изложување* и *заклучокот* сочинуваат една логички поврзана целина;
- дали главната теза е добро формулирана и аргументирана;
- дали редоследот на аргументите, тврдењата и примерите се соодветно поврзани;
- дали има отклонувања од темата или од главниот предмет на текстот;
- дали има непотребни повторувања кои не внесуваат дообјаснувања или нови смисловни нијанси.

При пишувањето на есејот авторот треба да се раководи од следните *технички правила*:

- Обемот на есејот треба да изнесува 1.500-2.000 зборови.
- Текстот на конечната верзија на есејот треба да биде испечатен на бела хартија, стандарден А4 формат, со 2,5 см маргина околу целиот текст на трудот. Текстот се пишува само на едната страна од листот, со *unicode* фонт во македонска поддршка и 1,5 проред.

- Есејот треба да има насловна страница на која ќе се наведе името на универзитетот, името на факултетот, целосниот наслов на трудот, името на предметот по кој се пишува трудот, името на авторот, времето и местото на завршувањето на есејот. Пред печатењето на текстот треба да се исправат јазичните, правописни, граматички грешки и технички пропусти.

# ПРИКАЗ НА КНИГА

Приказот на книга е краток текст (1.000-1.500 зборови) во кој студентот треба да исполни две барања:

- да направи резиме за содржината на делото што го прикажува, со цел да се добие целосна претстава за него;
- да предложи критички осврт на прочитаното дело.

Приказот треба да содржи и оценка на делото, односно да укажува на неговите предности и недостатоци, да го оцени неговиот придонес за областа на која припаѓа, да го спореди со други книги, објавени на истата или слична тема, како и да укаже на импликациите врз понатамошните истражувања. Приказот треба да биде објективен и логички издржан. Текстот на приказот се организира според следниов основен план: вовед, резиме на содржината во еден или повеќе параграфи, критички осврт во два или повеќе параграфи, заклучок. Приказот може, но не мора да користи цитати.

## *Насоки за пишување на приказот*

*Воведниот дел* на приказот треба да ги содржи основните информации за делото (наслов, кога и каде е издадено) и за авторот (основни податоци за неговата професионална биографија и интелектуална работа). Во воведот се наведе главната теза или основната цел на книгата и да се навести дали и во колкава мерка авторот успеал во својата основна намера.

Во *изложувањето на содржината* на книгата треба сублимирано и прецизно да бидат претставени главните идеи, поими, резултатите и методите преку кои е дојдено до нив. Во овој дел не треба буквално да се повторуваат изразите и речениците содржани во книгата, туку да резимирани и концизни формулации кои се во согласност со изворниот текст. Притоа, не треба да се прераскажува содржината на книгата и треба да избегнува детално осврнување на секој нејзин наслов и поднаслов по редоследот на нејзината содржина.

Во приказот авторот треба да даде *критички осврт* на книгата и да укаже на нејзините предности и недостатоци. Оценките се однесуваат на квалитетот на истражувањето; на тезите изложени и аргументирани во него (прецизност, поврзаност, комплетност, издржаност, доследност, оригиналност); на јазикот и стилот на делото; на неговиот научен придонес; на неговото влијание врз понатамошните истражувања. Оценката на прикажуваната книга се даваат и од аспект на прашањето дали авторот успеал да ги постигне целите што самиот ги поставил во неа. Книгата во приказот може да се оценува и преку нејзина споредба со други книги или истражувања од истата област (компаративна анализа). Оценките на книгата треба да бидат поткрепени со аргументи и

со сведоштва односно со наведување на кратки извадоци од книгата кои изворно го претставуваат гледиштето на авторот.

Во *заклучокот* авторот треба да каже дали го препорачува и зошто го препорачува на потенцијалната читателска публика.